**ДП. бр. 344**
Дисциплинската комисија при Комората на извршители на Република Македонија (подолу како ДК при КИРМ), постапувајќи по Предлогот за поведување на дисциплинска постапка УПП бр. 09-66 од Министерот за правда, во присуство на обвинетиот извршител О.Г. од Делчево, на ден 29.05.2013 година го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

**СЕ ОГЛАСУВА за виновен** Извршител О.Г. именуван за подрачје не Основен суд Кочани, Основен суд Берово, Основен суд Делчево и Основен Суд Виница за превземени извршни дејствија по извршен предмет И.бр.1189/2012 повреда по член 54-д алинеја 5 од Законот за извршување: „при извршувањето превзема дејствија кои не се предвидени или се спротивни со овој закон“ и се КАЗНУВА со парична казна во висина од 3000 евра во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на РМ на ден на изрекувањето.

**СЕ ОГЛАСУВА за виновен** извршител О.Г. именуван за подрачје не Основен суд Кочани, Основен суд Берово, Основен суд Делчево и Основен Суд Виница за превземени извршни дејствија по извршен предмет И.бр.511/2012 за сторена дисциплинска повреда по член 54-д став 1 алинеја 5 од ЗИ: „при извршувањето превзема дејствија кои не се предвидени или се спротивни на овој закон“ и сторена повреда по чл.54 д став 1 алинеја 11 од ЗИ: „незаконито располага со материјалните средства што ги прибавил во текот на извршувањето“ И СЕ КАЗНУВА со парична казна во висина од 3000 евра во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на РМ на ден на изрекувањето, па со примена на правилата на казнено право за вонредно ублажување на казната МУ СЕ ИЗРЕКУВА единствена парична казна во износ од 5000 евра во денарска противвредност по среден курс на Народна Банка на РМ на ден на изрекувањето.

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** Извршител О.Г. утврдената парична казна во став 1 од ова Решение да ја плати во рок од 15 дена од приемот на одлуката.

*Образложение*

Предлогот за поведување на дисциплинска постапка УПП.бр. 09-66 од 05.03.2013 година поднесен од Министерот за правда на РМ, е со наводи дека извршителот О.Г. од Кочани, сторил дисциплинска повреда по чл. 54-д став 1 алинеја 5 од Законот за извршување : “при извршувањето презема дејствија кои не се предвидени или се спротивни со овој закон“ и член 54 д став 1 алинеја 11 од Законот за извршување : “ незаконито располага со материјалните средства што ги прибавил во текот на извршувањето “ со тоа што извршителот О.Г., донел Налог за извршување кај пристапување (врз основа на член 157 од Законот за извршување ) И.бр.1189/2012 од 15.10.2012 година со кој налог доверителот М.М. од Штип пристапил кон извршувањето

што се спроведувало врз истата недвижност врз основа на Налогот за извршување И.бр.511/2012 година издаден од извршителот О.Г. по барањето за извршување поднесено од доверителот У.П. ДОО Кочани, по донесувањето на Заклучокот за продажба на недвижноста И.бр.511/12 од 08.10.2012 година и во целост го намирил побарувањето на доверителот М.М. од Штип, со што постапил спротивно на член 157 став 3 од Законот за извршување со кој е пропишано дека кон извршувањето врз недвижност може да се пристапи до донесување на заклучокот за продажба на недвижноста на купувачот. Понатаму, Извршителот при спроведување на извршувањето по предмет И.бр.511/12, намирувањето на доверителите не го вршел по редот по кој доверителите стекнале право да се намират од тој предмет, односно според состојбата која произлегувала од јавната книга, при што биле намирени доверителите кои правото на намирување го стекнале многу подоцна од доверителите кои доаѓале по редот за намирување, а кои биле намирени делумно или останале ненамирени, со што извршителот постапил спротивно на член 7 и член 184 став 2 од Законот за извршување. Предлогот е и со наводи дека извршителот сите парични средства од реализираното извршување не ги префрлил на доверителите, односно со Заклучокот за намирување ( врз основа на член 193 од Законот за извршување ) И.бр.511/2012 од 22.10.2012 година дел од паричните средства добиени со продажба на недвижноста во износ од _______ денари ги повратил на должникот О.Д., иако дел од доверителите биле намирени само делумно, а дел од доверителите останале ненамирени, со што не постапил во согласност со член 35 став 4 од Законот за извршување.

Извршителот О.Г. од Делчево во писмен одговор од 10.04.2013 година и во своја одбрана на главен претрес по повод наводите од Предлогот на Министерот за правда наведе дека на ден 20.06.2012 година доверителот Друштво за урбанизам, градежништво, проектирање, производство, трговија и услуги У.-П. ДОО од Кочани преку неговиот полномошник, адвокат С.А од Кочани доставил барање за спроведување на извршување на парично побарување во вредност од _______,00 денари со камата заведено како И.бр.511/12. Бидејќи О.Д. спаѓала во редот на презадолжените општини, а нејзината сметка била блокирана со години, наплатата на побарувањата била невозможна со заплена и пренос на парични средства согласно член 202 од ЗИ, поради постоење на решение на претседателот на Основен суд Делчево, со кое е изземен од извршување износот од ________,00 денари, неопходни за извршување на надлежностите на општината. Вкупниот долг на општината со камата изнесува над ________,00 денари. Со оглед на што, извршителот, доставил барање до општината како должник да достави податоци за недвижниот имот од чија продажба би можеле да бидат наплатувани побарувањата на доверителите, а кој имот не служи за извршување на надлежностите на општината. Општината одговорила со свој допис и список на недвижности од чија продажба би можеле да бидат плаќани долговите. На ден 27.07.2012 година бил донесен налог за извршување по член 154 од ЗИ, откако претходно општината изготвила геодетски елаборат со кој површината на објектот била издвоена бидејќи објектот предмет на продажба имал заеднички влез со општината. По

спроведена проценка на недвижноста и по објавувањето на заклучокот за прва јавна продажба, кон ова извршување пристапиле:

1.Извршител З.С. од Делчево по следните основи и тоа: Налог за пристапување кон извршување И. бр. 3270/09, И. бр. 3271/09, И. бр. 628/11 и И. бр. 359/12, сите од 29.08.2012 година,И. бр.903/2012 од 01.10.2012 година и И. бр.961/2012 од 05.10.2012 година вкупно побарува ________,00 денари.

2.Извршител Б.М. од Скопје по следните основи и тоа:Налог за пристапување кон извршување И. бр. 574/11, И. бр.1639/10 и И. бр. 566/11, сите од 05.09.2012 година, вкупно побарува _________,00 денари.

3.Извршител Г.М. од Кочани по следните основи и тоа: Налог за пристапување кон извршување И. бр. 2282/11 од 31.08.2012 година побарува ________,00 денари.

4.Извршител Б.П. од Кочани по следните основи и тоа: Налог за пристапување кон извршување И. бр. 955/11 од 01.10.2012 година побарува _________,00 денари, Налог за пристапување кон извршување И. бр. 833/11 од 01.10.2012 година побарува _________,00 денари и Налог за пристапување кон извршување И. бр. 834/11 од 01.10.2012 година побарува ________,00 денари, вкупно _______,00 денари.

5.Извршител О.Г. од Делчево по следните основи и тоа: Налог за пристапување кон извршување И. бр. 875/2012 од 17.09.2012 година побарува ________,00 денари и Налог за пристапување кон извршување И. бр. 1189/2012 од 15.10.2012 година побарува ________,00 денари.

На закажаната прва јавна продажба немало заинтересирани купувачи. На ден 17.09.2012 година бил донесен заклучок за втора усна јавна продажба, која била закажана за ден 08.10.2012 година. На денот на продажбата се јавиле двајца купувачи, од кои едниот понудил цена во износ од__________,00 денари, која била највисока понудена цена и нему му е продадена недвижноста, за што истиот ден бил изготвен заклучок за продажба. Купувачот ја уплатил во целост купопродажната цена на недвижноста на ден 15.10.2012 година, по што, на ден 16.10.2012 година бил донесен заклучок за извршена продажба. по уплатата на купопродажната цена, извршителот донел Заклучок за определување на времето за делба, на која ги повикал доверителот, должникот и доверителите кои пристапиле кон извршувањето, а како време за делба бил определен 22.10.2012 година. На делбата присуствувале доверителот, должникот и извршителите Г.М., З.С. и Б.П., додека извршителот Б.М. била отсутна, откако претходно телефонски го најавила своето отсуство.

Извршителот на рочиште за делба по извршен увид во списите во предметот го утврдил следниот редослед и износ на побарувања на лицата кои полагаат право да се намират од износот добиен со продажбата:

1.Извршител З.С. од Делчево по следните основи и тоа: Налог за пристапување кон извршување И. бр. 3270/09, И. бр. 3271/09, И. бр. 628/11 и И. бр. 359/12, сите од 29.08.2012 година,И. бр.903/2012 од 01.10.2012 година и И. бр.961/2012 од 05.10.2012 година вкупно побарува __________,00 денари. Овие побарувања биле прибележани во катастарот на недвижностите.

2.Извршител Б.М. од Скопје по следните основи и тоа:Налог за пристапување кон извршување И. бр. 574/11, И. бр.1639/10 и И. бр. 566/11, сите од 05.09.2012 година, вкупно побарува __________,00 денари. Овие побарувања биле прибележани во катастарот на недвижностите како Г2.5, Г2.6 и Г2.7.

3.Извршител Г.М. од Кочани по следните основи и тоа: Налог за пристапување кон извршување И. бр. 2282/11 од 31.08.2012 година побарува _________,00 денари. Овие побарувања не биле прибележани во катастарот на недвижностите.
4.Извршител Б.П. од Кочани по следните основи и тоа: Налог за пристапување кон извршување И. бр. 955/11 од 01.10.2012 година побарува _________,00 денари, Налог за пристапување кон извршување И. бр. 833/11 од 01.10.2012 година побарува _________,00 денари и Налог за пристапување кон извршување И. бр. 834/11 од 01.10.2012 година побарува __________,00 денари, вкупно _________,00 денари. Овие побарувања не биле прибележани во катастарот на недвижностите.
5.Извршител О.Г. од Делчево по следните основи и тоа: Налог за пристапување кон извршување И. бр. 875/2012 од 17.09.2012 година побарува ________,00 денари и Налог за пристапување кон извршување И. бр. 1189/2012 од 15.10.2012 година побарува ________,00 денари.
Во однос на постоењето на правото да го оспорат постоењето на побарувањето, неговата височина и редот по кој имаат право да се намират, странките односно лицата кои полагале право да се намират од износот добиен со продажбата односно Градоначалникот на О.Д., Г.М. изјавил дека не ги оспорува побарувањата ниту по основи ниту по износи и побара доколку останат средства, дел од добиениот износ од продажбата да биде повратен на О.Д.

Извршителот З.С., кој бил прв по редоследот за намирување, изјавил дека не ги оспорува побарувањата на доверителите кои пристапиле кон извршувањето и предложил по намирувањето на доверителот ДУГППТУ У.-П. ДОО од Кочани од остатокот да бидат намирени неговите побарувања по налозите И.бр. 328/11, 359/12, 903/12 и 961/12 во вкупен износ од _________,00 денари, а од остатокот линеарно да се намират и доверителите кои пристапиле, во согласност со прописите за извршување, со тоа што побарувањето на извршителот Б.П. и О.Г. да бидат намирено во целост, бидејќи биле најмали. Извршителите Г.М. и Б.П, изјавиле дека го поддржуваат предлогот на извршителот З.С.
Извршителот наведе дека сите налози, заклучоци, записници, проценката и верификацијата им биле доставени на странките и од страна на должникот, доверителот или трети лица немало ниту еден приговор против овие акти, дотолку повеќе, што и самиот должник бил заинтересиран да го намали својот долг кон доверителите преку распределбата на остатокот од наплатените средства.Извршителот во одговор предложи заради целосен увид во предметот, Дисциплинската комисија да се обрати и до должникот, О.Д., како и до доверителот и доверителите кои пристапија кон ова извршување.

Извршителот на главен претрес во своја одбрана наведе дека на денот на намирувањето доверителот, извршителот З.С. кој имал пристапено кон извршувањето и чиј налог за пристапување бил евидентиран како прв во имотниот лист предложил од остатокот од средствата кои ќе останат по намирувањето на доверителот да се намири неговото побарување во износ од _________,00 денари , а од остатокот сразмерно да се намират останатите доверители. Бидејќи побарувањето на извршителот З.С. по сите налози за пристапување изнесувало __________,00 денари и од остатокот на средствата по намирување на доверителот не можеше да се намири ниту неговото побарување а останатите доверители кои имале пристапено го прифатиле овој предлог, па

извршителот О.Г. врз основа на тоа изготвил Заклучок за намирување. Извршителот О.Г. наведе дека во тој момент млад извршител сметав дека врши сразмерно намирување.

Дисциплинската комисија на КИРМ на претрес на ден 15.04.2013 година, ги дозволи и изведе следните докази:

Извештај за извршен надзор УПП.бр.09-66 од 15.01.2013 година;
Барање за извршување од 20.06.2012 година од У.П.ДОО Кочани;
Полномошно за адвокат С.А. од Кочани;
Пресуда Пс.бр.154/2006 година од 18.09.2006 на Основен суд Кочани;
Налог за извршување И.бр.511/2012 година од 27.07.2012 година на извршител О.Г. од Делчево;
Потврда бр.1116/211 од 06.08.2012 година на АКН Делчево;
Налог за извршување врз недвижност И.бр.511/2012 година од 27.07.2012 година на извршител О.Г. од Делчево;
Доставница за достава на Налог по чл.154 И.бр.511/2012 година оо 20.01.2012 година до АКН Делчево;
Налог за извршување И.бр.574/11 од 05.09.2012 година на извршител Б.М.;
Налог за извршување И.бр.1639/10 од 05.09.2012 година на извршител Б.М. ;
Налог за извршување И.бр.566/11 од 05.09.2012 година на извршител Б.М. ;
Налог за извршување И.бр.2282/11 од 31.08.2012 година на извршител Г.М.;
Налог за извршување И.бр.955/11 од 01.10.2012 година на Б.П. од Кочани;
Налог за извршување И.бр.833/11 од 01.10.2012 година на извршител Б.П. од Кочани;
Налог за извршување И.бр.834/11 од 01.10.2012 година на извршител Б.П. од Кочани;
Налог за извршување И.бр.1189/2012 година на извршител О.Г. од Делчево ;
Налог за извршување И.бр.3270/09 и И.бр.3271/09 на извршител З.С. од Делчево;
Налог за извршување И.бр.628/11;359/12 од 29.08.2012 година на извршител З.С. од Делчево;
Налог за извршување И.бр.903/12 од 01.10.2012 година на извршител З.С. од Делчево;
Налог за извршување И.бр.3270/09, И.бр.3271/09 на извршител З.С. од Делчево;
Налог за извршување И.бр.961/12 од 05.10.2012 година на извршител З.С. од Делчево;
Налог за извршување И.бр.875/2012 од 17.09.2012 година на извршител О.Г. од Делчево;
Детален преглед на податоци (Имотен лист број __________) за КО Делчево од 05.10.2012 година на АКН Делчево;
Записник за делба на износ постигнат со продажба на недвижност И.бр.511/2012 од 22.10.2012 година ;
Барање до Биро за судски вештачења од 30.07.2012 година од извршител О.Г. од Делчево;
Заклучок за утврдување на вредност на недвижност И.бр.511/2012 година од 24.08.2012 година на извршител О.Г. од Делчево;
Заклучок за усна јавна продажба И.бр.511/2012 година на извршител О.Г. од Делчево;
Заклучок за утврдување на вредност на недвижност И.бр.511/2012 од 17.09.2012 година на извршител О.Г. од Делчево;

Записник од 21.09.2012 година за продажба на недвижност И.бр.511/2012 по чл.175 од ЗИ на извршител О.Г. од Делчево;
Записник за утврдување на вредност на недвижност И.бр.511/2012 од 17.09.2012 година;
Записник И.бр.511/2012 од 17.09.2012 година извршител О.Г. од Делчево;
Записник за продажба по чл.175 од ЗИ И.бр.511/2012 од 08.10.2012 година извршител О.Г. од Делчево;
Заклучок за продажба на недвижност И.бр.511/2012 од 08.10.2012 година извршител О.Г. од Делчево;
Записник за продажба И.бр.511/2012 од 09.10.2012 година извршител О.Г. од Делчево;
Барање за извршување од доверител М.М. од Штип, преку полномошник К. В. адвокат од Делчево;
Полномошно од 10.10.2012 година од властодавател М.М.;
Трошковник од 10.10.2012 година од адвокат К.В.од Делчево;
Решение П.1.бр.122/2011 од 06.02.2012 година на Основен суд Делчево ;
Решение ГЖ.бр.518/12 од 18.04.2012 година на Апелациониот суд во Штип;
Налог за извршување И.бр.1189/2012 од 15.10.2012 година на извршител О.Г. ;
Барање за податоци од должник по чл.25 ст.1 од ЗИ, И.бр.1189/2012 од 10.10.2012 година на извршител О.Г.;
Налог за извршување И.бр.1189/2012 од 10.10.2012 година на извршител О.Г. од Делчево;
Заклучок за извршена продажба И.бр.511/2012 од 16.10.2012 година на извршител О. Г. од Делчево;
Заклучок за определување на време на делба И.бр.511/2012 од 15.10.2012 година на извршител О.Г. од Делчево;
Записник за делба на износот постигнат со продажба на недвижноста И.бр.511/2012 година од 22.10.2012 година на извршител О.Г. од Делчево;
Доставница И.бр.511/2012 за достава на Барање по чл. 25 од ЗИ до О.Д. од 27.07.2012 година;
Доставница И.бр.511/2012 за достава на Налог по член 154 од ЗИ до О.Д. од 27.07.2012 година;
Заклучок за определување на вешто лице И.бр.511/2012 од 27.07.2012 година на извршител О.Г.;
Достава на податоци бр.03-1144/2 од 17.05.2012 година на О.Д.;
Заклучок за намирување И.бр.511/2012 од 22.10.2012 година на извршител О.Г. од Делчево .

Дисциплинската комисија на КИРМ на одржан главен претрес, ги разгледа наводите изнесени во предлогот, одбраната на извршителот, па ценејќи ги сите докази одделно и заедно, ја утврди следната фактичка положба:

Извршителот О.Г. од Делчево на ден 20.06.2012 година примил барање за извршување од доверителот У.П. ДОО Кичево заведно под И.бр.511/12 против должникот О.Д. преку полномошник С.А. адвокат од Кочани, врз основа на извршна исправа Пресуда на Основниот суд во Кочани Пс.бр.154/2006 од 18.09.2006 година за парично побарување во износ од ________,00 ден. со камата на овој износ сметано од 21.01.2009 година .

Постапувајќи по барањето за извршување извршителот донел Налог за извршување ( врз основа на член 154 од Законот за извршување) од 27.07.2012 година со кој се спроведува извршување врз недвижноста на должникот О.Д. означена како КП.бр._______, зграда 1, влез 1, кат сутерен, стан 000, намена на зграда ______, м.в. С. _________, собност 0001, во површина од 406 м2 (ресторан В.), право на недвижност 831, заведена во листот В-лист за згради и делови за згради од Имотниот лист бр.____ за КО Делчево, заради наплата на парично побарување на доверителот У.-П. ДОО и тоа : _______ денари на име трошоци на извршување, износ од ________,00 денари на име главен долг со камата сметано од 21.01.2009 година до денот на исплатата.
Заради спроведување на извршувањето извршителот до должникот О.Д. на ден 27.07.2012 година доставил Барање за податоци од должник (врз основа на член 25 став 1 од Законот за извршување).
На ден 27.07.2012 година извршителот донел Заклучок за определување на вештото лице кое ќе изврши проценка на недвижноста.
На ден 30.07.2012 година извршителот доставил до Бирото за судски вештачења барање да се изврши проценка на недвижноста предмет на извршување.
На ден 23.08.212 година извршителот од страна на Бирото за судски вештачења примил верификација на проценката.
На ден 24.08.2012 година извршителот донел Заклучок за утврдување на вредноста на недвижноста со кој врз основа на наодот и мислењето на проценителот В.Х. вредноста на предметната недвижност ја утврдил на износ од _________,00 денари. Истиот ден извршителот донел Заклучок за усна јавна продажба со кој продажбата била закажана за ден 17.09.2012 година.
Видно од Записникот за продажба на недвижноста со усно јавно наддавање ( врз основа на член 175 од Законот за извршување ) првото усно јавно наддавање било одржано на ден 17.09.2012 година, но на наддавањето немало присутни лица и не се јавиле заинтересирани купувачи. Поради техничка грешка на Записникот за прво усно јавно наддавање било наведено 21.09.2012 година, кога всушност бил изготвен записникот.
На ден 17.09.2012 година извршителот донел Заклучок за утврдување на вредноста на недвижноста за второто усно јавно наддавање за продажба на недвижноста предмет на извршување со кој вредноста на предметната недвижност извршителот ја утврдил на износ од ___________,00 денари. Истиот ден извршителот донел Заклучок за втора усна јавна продажба со кој усното јавно наддавање го закажал за ден 08.10.2012 година.
На ден 08.10.2012 година било одржано усното јавно наддавање на кое како најповолен понудувач се јавило лицето В.Н. од Делчево кое понудило цена во износ од ___________,00 денари и нему му била продадена предметната недвижност, за што извршителот составил Записник за продажба на недвижност со усно јавно наддавање ( врз основа на член 175 од Законот за извршување). Извршителот истиот ден донел Заклучок за продажба на недвижност на усно јавно наддавање ( врз основа на член 175 став 4 од Законот за извршување) со кој се утврдува дека на усното јавно наддавање

одржано на ден 08.10.2012 година најголема цена во износ од _________,00 денари понудило лицето В.Н. од Делчево поради што нему му се продава недвижноста.
На ден 09.10.2012 година извршителот донел Заклучок за предавање на недвижност во владение ( врз основа на член 178 став 1 од Законот за извршување) со кој на купувачот В.Н. му се предава во владение недвижноста предмет на извршување.
На ден 16.10.2012 година извршителот донел Заклучок за извршена продажба на недвижност (врз основа на член 175 став 7 од Законот за извршување ) со кој се утврдува дека е извршена продажба на недвижноста предмет на извршување на купувачот В.Н. од Делчево кој како најповолен понудувач ја уплатил недвижноста во износ од __________,00 денари.
На ден 22.10.2012 година извршителот одржал рочиште за делба на износот постигнат со продажба на недвижноста за што изготвил и Записник врз основа на член 192 од ЗИ. Видно од Записникот извршителот го утврдил редоследот и износот на побарувањата на лицата кои полагаат право да се намират од износот добиен со продажбата на следниот начин:
1. Извршител З.С. од Делчево по основ на Налог за пристапување кон извршување И.бр.3270/09 и И.бр.3271/09, И.бр.628/11 и И.бр.359/12 сите од 29.08.2012 година; И.бр.903/12 од 001.10.2012 година и И.бр.961/12 од 05.10.2012 година во вкупен износ од __________,00 денари
2. Извршител Б.М. од Скопје по основ на Налог за пристапување кон извршување И.бр.574/11. И.бр.1639/10 и И.бр.566/11 сите од 05.09.2012 година во вкупен износ од_________,00 денари
3. Извршител Г.М. од Кочани по основ на Налог за пристапување кон извршување И.бр.2282/11 од 31.08.2012 година во вкупен износ од _________,00 денари
4. Извршител Б.П. од Кочани по основ на Налог за пристапување кон извршување И.бр.955/11 од 01.10.2012 година во износ од ________,00 денари, Налог за пристапување кон извршување И.бр.833/11 од 01.10.2012 година побарува износ од _______---,00 денари и Налог за пристапување кон извршување И.бр.834/11 од 01.10.2012 година во износ од __________,00 денари или во вкупен износ од _______,00 денари
5. Извршител О.Г. од Делчево по основ на Налог за пристапување кон извршување И.бр.875/2012 година од 17.09.2012 година во износ од ________,00 и Налог за пристапување кон извршување И.бр.1189/2012 од 15.10.2012 година во износ од ________,00 денари.

На ден 15.10.2012 година извршителот О.Г. издал Налог за пристапување кон извршување И.бр.1189/2012.

Во Записникот за делба И.бр.511/12 од 22.10.2012 година извршителот О.Г. констатирал дека градоначалникот на О.Д. Г.М. изјавил дека не ги оспорува побарувањата ниту по

основ ниту по износ и побарува доколку останат средства, дел од добиениот износ од продажбата да биде вратен на О.Д. Извршителот, исто така во Записникот констатирал дека извршителот З.С. од Делчево изјавил дека не ги оспорува побарувањата на доверителите кои пристапиле кон извршувањето и дека предложува по намирувањето на доверителот У.П. ДОО Кочани од остатокот од паричните средства да бидат намирени побарувања по неговите Налози за извршување И.бр.328/11, И.бр.359/12, И.бр.903/12 и И.бр.961/12 во вкупен износ од ________,00 денари, а од останатите средства да се намират линеарно доверителите кои пристапиле, со тоа што побарувањата на извршителите Б.П. и О.Г. да бидат намирени целосно бидејќи се најмали побарувањата. На записникот извршителот констатирал дека извршителите Г.М. и Б.П. го подржуваат предлогот на извршителот З.С.

На ден 22.10.2012 година извршителот донел Заклучок за намирување врз основа на член 193 од Законот за извршување со кој ги намирил следните доверители :

1. У.П. ДОО Кочани во износ од _______,00 денари на име трошоци на извршување и износ од _______денари на име главен долг и камата.
2. Извршител З.С. од Делчево по Налозите за пристапување кон извршување И.бр.359/12 и И.бр.903/12 во вкупен износ од _______,00 денари
3. Извршител Б.М. од Скопје по Налозите за пристапување кон извршување И.бр.566/11, И.бр.547/11 и И.бр.1639/10 сите од 05.09.2012 година во вкупен износ од ________,00 ден.
4. Извршител Г.М. по Налог за пристапување кон извршување И.бр.2282/11 од 31.08.2012 година во вкупен износ од _________,00 денари.
5. Извршител Б.П. од Кочани по Налог за пристапување кон извршување И.бр.955/11 од 01.10.2012 година се намирува во износ од _______,00 денари и по Налог за пристапување кон извршување И.бр.833/11 од 01.10.2012 година се намирува во износ од ________,00 денари и по Налогот за пристапување кон извршување И.бр.833/11 од 01.10.2012 година се намирува во износ од ________,00 денари односно во вкупен износ од ________,00 денари.
6. Извршител О.Г. од Делчево по Налогот за пристапување кон извршување И.бр.875/2012 од 17.09.2012 година се намирува во износ од ________,00 денари и по Налог за пристапување кон извршување И.бр.1189/2012 од 15.10.2012 година се намирува во износ од ________,00 денари., односно во вкупен износ од ________,00 денари.

Остатокот во износ од ________денари извршителот го вратил на должникот О.Д.

Видно од Имотен лист бр.________ од 05.10.2012 година за КО Делчево издаден од Агенцијата за катастар на недвижности на РМ, во јавната книга биле забележани следните налози:

1. Налог за пристапување кон извршување И.бр.3270/09 и И.бр.3271/09 издадени од извршителот З.С. од Делчево кои се прибележани на 07.09.2012 година во 09.30h.;

2. Налог за пристапување кон извршување И.бр.1639/10 издаден од извршител Б.М. од Скопје прибележан на ден 11.09.2012 година во 14.07 h;
3. Налог за пристапување кон извршување И.бр.566/11 издаден од извршител Б.М. од Скопје прибележан на ден 11.09.2012 година во 14.53 ;
4. Налог за пристапување кон извршување И.бр.574/11 издаден од извршител Б.М. од Скопје прибележан на 11.09.2012 година во 15.19 h ;
5. Налог за пристапување кон извршување И.бр.574/11 издаден од извршител Б.М. од Скопје прибележан на 20.09.2012 година во 13.31 h;
6. Налог за пристапување кон извршување И.бр.1639/10 издаден од извршител Б.М. од Скопје прибележан на ден 20.09.2012 година во 13.53 h;
7. Налог за пристапување кон извршување И.бр.566/11 издаден од извршител Б.М. од Скопје прибележан на ден 20.09.2012 година во 14.06 h.

Дисциплинската комисија одлучувајќи по повод основаноста за предлогот за дисциплинска постапка, утврди дека извршителот О.Г. сторил дисциплинска повреда на начин што донел Налог за постапувајќи по барање за извршување од доверител У.-П. ДОО Кочани И.бр.511/2012 година, издал Налог за извршување по чл. 154 од ЗИ, кој не го евидентирал во јавната книга, па по основ на извршување на овој налог во целост го намирил доверителот М.М. од Штип врз основа на Налог за пристапување кон извршување И.бр.1189/2012 издаден на ден 15.10.2012 година од извршител О.Г. од Делчево, иако бил изминат законскиот рок за пристапување кон извршување по чл. 157 став 3 од Законот за извршување, од причина што на ден 08.10.2012 година бил донесен Заклучок за продажба на недвижност. Со ваквото спроведување на извршување извршителот намирил во целост доверител кој пристапил кон извршување по веќе донесен Заклучок за продажба на надвижност на купувачот, на штета на доверителите кои претходно пристапиле кон извршувањето по И.бр.511/2012. Дисциплинската комисија утврди дека извршителот О.Г. од Делчево, при вршењето на должноста извршител на рочиште за делба по предмет И.бр.511/12, не вршел намирување по редот по кој доверителите го стекнале право да се намират од тој предмет, односно според состојбата која произлегувала од јавната книга, туку намирувал доверители кои правото на намирување го стекнале многу подоцна од доверителите кои доаѓале по редот за намирување, а кои биле намирени делумно или останале ненамирени. Извршителот сторил дисциплинска повреда и затоа што надвор од своите овластувања, на ден 22.10.2012 година со Заклучок за намирување И.бр.511/12 година, незаконито располагал со паричните средства на доверителите добиени од реализираната продажба со тоа што спротивно на редоследот на право на намирување на побарувањата на доверителите кој произлегувал од јавната книга, и спротивно од утврдената висина на побарувањата, дозволил на рочиштето лица кои не биле полномошници на доверителите да располагаат со висината на нивните побарувања . Дисциплинската комисија при определување на тежината на сторената дисциплинска

повреда, ја ценеше одбраната на извршителот дека редот и обемот на намирувањето го утврдил по предлог на должникот и присутните извршители кои со свои налози пристапиле кон извршувањето по И.бр.511/2012, меѓутоа комисијата не поклони верба на истото, бидејќи извршителот како лице со јавни овластувања доделени од државата има одговорност за совесно, чесно и непристрасно спроведување на извршните дејствија и за штитење на интересите на странките, па во конкретниот случај извршителот спротивно на интересите на доверителите кои се стекнале со право на намирување, дозволил да се стекне со противправна имотна корист должникот и доверителите чии права не биле запишани во јавната книга, односно кои многу подоцна се стекнале со тие права. Дисциплинската комисија утврди дека извршителот О.Г. ги сторил повредите по член 54-д став 1 алинеја 5 и алинеја 11 од Законот за извршување кои му се ставаат на товар со предлогот на Министерот за правда со тоа што наместо од износот _________,00 денари кој бил добиен со продажбата на недвижноста да го намири во целост побарувањето на ДРУШТВО ЗА МАРКЕТИНГ К.С. И ДРУГИ ДОО УВОЗ-ИЗВОЗ кој бил прв доверител кој се стакнал со право да се намири од износот добиен со продажбата и своето право го упишал во јавна книга на ден 07.09.2012 година со Налогот за пристапување кон извршување И.бр. 3270/09 и 3271/09 на извршител З.С. од Делчево, па дури откако овој доверител ќе бил во целост намирен, извршителот О.Г. ќе можел да пристапи кон намирување на доверителот Г. АД СКОПЈЕ кој втор полагал право на намирување со тоа што на ден 11.09.2012 година го впишал своето право во јавната книга со Налогот за пристапување кон извршување И.бр.1639/10 од 05.09.2012 година на извршител Б.М. од Скопје, под услов да останале парични средства по целосното намирување на првиот доверител и следствено понатака по редоследот со останатите доверители доколку останат парични средства по спроведеното целосно намирување на предходниот доверител. Согласно Законот за извршување извршителот О.Г. би имал можност да му исплати дел од средствата добиени од продажбата на должникот О.Д. само доколку по целосно намирување на сите побарувања во извршувањето се јави остаток, што не било случај во конкретниот предмет, односно доколку извршителот правилно го утврдел редоследот на доверителите кои пристапиле и доколку ги намирувал и согласно нивната вистинска висина на побарувања, од добиените средства немало да се јави остаток во износ од __________кој би бил повратен на должникот туку со овие средства ќе се намирел доверителот кој иако уредно си го запишал своето побарување поради ваквото незаконско намирување останал ненамирен за овој износ.

Дисциплинската комисија при определување на видот и висината на дисциплинската санкција ги ценеше сите олеснителни и отежнителни околности, а пред се отежнителната околност дека има штетни последици од постапувањето на извршителот кај доверителите кои полагале предимство на намирување а биле намирени само делумно како и околноста што со ваквиот начин на постапување е предизвикана правна

несигурност кај странките и учесниците во постапката, а како олеснителни околности тоа што предходно извршителот не е дисциплински казнуван како и неговото однесување за време на дисциплинската постапка , па во склоп на истите му ја одмери казната. Дисциплинската комисија смета дека со ваквата казна ќе се постигнат целите на генералната и специјалната превенција.

Дисциплинската Комисија при КИРМ на ден 29.05.2013 година согласно чл. 59-в став 1 алинеја 3 од Законот за извршување (Сл. Весник на Р. Македонија бр.35/05, од 18.05.2005 год. 50/06, 129/06, 8/08, 83/09 50/10, 83/10, 88/10 и 171/10) одлучи како во изреката на ова решение.